***БЕНД РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ ДОО***
***ТЕТОВО***
*Тел: 044 330 800*
*www.bend.com.mk  revizija@bend.com.mk*

Друштво за ревизија
БЕНД РЕВИЗИЈА
И КОНСАЛТИНГ ДОО
Бр. 08-265/1
18.05 2026 год.
ТЕТОВО

ДО

Сопствениците- акционерите
Органите на управување
Органите на раководење

18.05.2026

На: ИГМ ВРАТНИЦА АД Вратница

**Предмет: Извештај на ревизорите за финансиските извештаи за 2025 година**

**Во прилог на ова писмо Ви доставуваме два примерока од Извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи за годината која завршува на 31.12.2025 година согласно договорот.**

**Со почит!**

**БЕНД РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ ДОО**
**Управител**
**Ненад Апостоловски**

Друштво за ревизија
БЕНД РЕВИЗИЈА
И КОНСАЛТИНГ
ДОО
Тетово

**ИГМ ВРАТНИЦА А.Д** **Вратница**

**До**

**БЕНД Ревизија и консалтинг**
**Тетово**

**Дата : 18.05.2026**

**Предмет: Изјави на менаџментот**

Ова писмо со изјави го даваме во врска со Вашата ревизија на финансиските извештаи на Индустрија за градежни материјали ВРАТНИЦА АД Вратница, Јегуновце за годината која завршува на 31 декември 2025 година за целите на изразување на мислење за тоа дали финансиските извештаи ги презентираат објективно, од сите материјални аспекти финансиската состојба на Индустрија за градежни материјали ВРАТНИЦА АД Вратница, Јегуновце заклучно со 31 Декември 2025 година и резултатите од неговото работење и неговите парични текови за годината која завршува тогаш во согласност со сметководствени стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

Ние ја исполнивме нашата одговорност за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2025 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината којашто завршува тогаш во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка; избирање и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Ги потврдуваме, според нашето најдобро знаење и верување, следните изјави на раководството, вработените кои имаат значајна улога во интерните контроли и другите чија измама или грешка може да има материјални ефекти на финансиските извештаи :

- Не се имаат случено измами коишто го вклучуваат менаџментот или вработените кои имаат значајна улога во интерната контрола или кои би можеле да имаат материјален ефект врз финансиските извештаи.
- Ви ги обелоденивме сите информации во врска со тврдења за измама, или посомневана измама, кои влијаат на финансиските извештаи на ентитетот соопштени од страна на вработени, поранешни вработени, аналитичари, регулатори или други
- Ви ги обелоденивме сите случаи за неусогласеност или посомневана неусогласеност со закони и регулативи чиишто ефекти би требало да се разгледаат при подготовка на финансиските извештаи
- Ви ги имаме обелоденето резултатите од проценката на раководството за ризикот дека финансиските извештаи може да бидат материјално погрешно прикажани како резултат на измама.
- Ви ги имаме ставено на располагање сите сметководствени книги и поткрепувачка документација, како и сите записници од состаноци во тек на 2025 година.
- Ја потврдуваме комплетноста на информациите кои се обезбедени во врска со идентификување на поврзани странки.

- Финансиските извештаи се ослободени од материјални погрешни прикажувања, вклучувајќи и испуштања.
- Сите трансакции се евидентирани во сметководствената евиденција и се одразени во финансиските извештаи.
- Друштвото ги има почитувано сите аспекти на договорните аранжмани кои би можеле да имаат материјален ефект врз финансиските извештаи во случај на непочитување. Немаше непочитување на барањата на регулативните тела кои би можеле да имаат материјален ефект врз финансиските извештаи во случај на непочитување.
- Следните ставки се правилно евидентирани и кога е соодветно, адекватно обелоденети во финансиските извештаи:
  а) Идентитетот на, и салдата и трансакциите со, поврзаните странки.
  б) Загубите коишто произлегуваат од обврзувањата за продажба и купување.
  в) Договорите и опциите за откуп на претходно продадени средства
  г) Средствата заложени како колатерал.
- Немаме планови или намери кои можат материјално да ја изменат сметководствената вредност или класификација на средствата или обврските одразени во финансиските извештаи.
- Немаме планови да напуштиме производни линии или планови или намери кои ќе резултираат во каков било вишок или застарување на залихи, и немаме залихи кои се искажани според износ поголем од нето реализациона вредност.
- Претпријатието има задоволително право на сопственост над сите средства и нема товари или права на задржување на средствата на претпријатието, освен оние обелоденети во финансиските извештаи.
- Ги имаме евидентирано или обелоденето како што е соодветно, сите обврски, како фактички, така и неизвесни.
- Немаше настани по крајот на периодот коишто бараат корегирање на, или обелоденување во финансиските извештаи или белешки кон истите.
- Тужбените барања се правилно разграничени во финансиските извештаи. Во врска со судските спорови, не се добиени, ниту пак се очекуваат тужбени барања освен оние обелоденети во белешките кон финансиските извештаи
- Нема формални или неформални аранжмани за компензирачки салда во врска со која било наша сметка за пари или вложување.

Генерален директор

Зоран Станковски

Сметководител

Гордана Радовска